Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. УП/UP1-15-1889/2024
Дата/Data: 22-11-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23 и 171/24), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Bazuar në nenin 42, paragrafi (1) dhe paragrafi (9) të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), dhe në lidhje me nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e Planit Hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), ministri i mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor nxjerr vendimin e mëposhtëm:

## Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1 Со ова Решение на Министерството за транспорт се издава Дополна на Услови за планирање на просторот за граничен премин "Табановце", КО Табановце, Општина Куманово.

Површината за која што се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,51 ha, на КП 5214/1 во КО Табановце, Општина Куманово.

Дополната се изработува заради проширување на границата на планскиот опфат на издадените Услови за планирање на просторот за граничен премин "Табановце", КО Табановце, Општина Куманово, со тех. бр. У25115 (со површина 24,76 ha). Во склоп на граничниот премин се издадени и Дополна на Услови за планирање на просторот за граничен премин "Табановце", КО Табановце, Општина Куманово, со тех.бр.У25115i (со површина 0,74 ha).

Низ планскиот опфат поминува траса на издадени Услови за планирање на просторот за поставување на подземна мрежа со оптички кабел на подрачјето од Скопје-Куманово до граничен премин Табановце, со тех.бр.У13506.

## A K T V E N D I M
për Kushtet për planifikimin hapësinor

1. Me këtë Aktvendim, Ministrisë për transport, i lëshohen Plotësim i Kushteve për planifikimin hapësinor për pikën kufitare "Tabanovc", KK Tabanovc, Komuna e Kumanovës.

Sipërfaqja për të cilën lëshohen Kushte për planifkimin e hapsirës është 0,51 ha, në PK 5214/1 ne KK Tabanovc, Komuna e Kumanovës.

Shtesa hartohet për shkak të zgjerimit të kufirit të përfshirjes planifikuese të Kushteve të lëshuara për planifikimin e hapësirës për pikën kufitare "Tabanoc", KK Tabanoc, Komuna e Kumanovës, me numër teknik U25115 (me sipërfaqe 24.76 ha). Në kuadër të pikës kufitare janë lëshuar edhe Shtesa të Kushteve për planifikimin e hapësirës për pikën kufitare "Tabanoc", KK Tabanoc, Komuna e Kumanovës, me numër teknik U25115i (me sipërfaqe 0.74 ha).

Përmes sipërfaqjes së planifikuar kalon trasa e Kushteve të lëshuara për planifikimin e hapësirës për vendosjen e rrjetit nëntokësor me kabllo optik në zonën nga Shkupi-Kumanova deri te pika kufitare Tabanoc, me numër teknik U13506.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во сагладсност со Просторниот план на Република Македонија.

Lloji i dokumentacionit planifikues duhet të përputhet me Ligjin për planifikim urbanistik dhe Rregulloren për planifikim urbanistik.

Kushtet për planifikim hapësinor duhet të përfaqësojnë parametra hyrës dhe udhëzime gjatë planifikimit hapësinor dhe vendosjes së koncepteve dhe zgjidhjeve planifikues sipas të gjitha fushave relevante për planifikimin e hapësirës në dokumentacionin përkatës, në përputhje me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

2. Дополната на Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y25115ii се составен дел на Решението.

2. Shtesa e Kushteve për planifikimin e hapësirës nga pika 1 e këtij Aktvendimi, të përgatitura nga Agjencia për Planifikim Hapësinor me numër teknik U25115ii, janë pjesë përbërëse e Aktvendimit.

3. Дополната на Условите за планирање на просторот за граничен премин "Табановце", КО Табановце, Општина Куманово, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

3. Plotësim i Kushteve për planifikimin hapësinor për pikën kufitare "Tabanovc", KK Tabanovc, Komuna e Kumanovës, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe specifike, udhëzime dhe zgjidhje si dhe përfundime obliguese që rrjedhin nga dokumentacioni planifikues i nivelit më të lartë dhe shtojca grafike që përfaqësojnë një Përmbledhje të Planit.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

4. Një nga prioritetet kryesore të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, veçanërisht kufizimi strikt i transformimit të tokës së klasës I-IV për përdorim jo-bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës.

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот

5. Hartuesi ose përpunuesi i dokumentacionit planifikues është i detyruar të mbledhë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe specifike për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për zonën përkatëse dhe zonat fqinje që kufizohen me zonën planifikuese, dhe që janë të nevojshme për përgatitjen e planit urbanistik ose projektit urbanistik, në përputhje me nenin 47 të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta

план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20, 111/23 И 171/24).

6. Согласно податоците од Експертниот елабрат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Табановце има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за граничен премин ”Табановце”, КО Табановце, Општина Куманово, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20, 111/23 и 171/24), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 65034 од 17.09.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Дополна на Услови за планирање на просторот за граничен премин ”Табановце”, КО Табановце, Општина Куманово.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ја изработи Дополната на Условите за планирање на просторот за граничен премин ”Табановце”, КО Табановце, Општина Куманово и ја достави до Министерството за животна средина и

Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24).

6. Sipas të dhënave nga Ekspertiza për mbrojtjen e trashëgimisë kulturore dhe hartës arkeologjike të Republikës së Maqedonisë në zonën e komunës kadastrale të Tabanovc janë evidentuar monumente të paluajtshme të kulturës dhe lokacione arkeologjike.

7. Gjatë sjelljes së Vendimit për zbatimin ose Vendimit për moszbatimin e vlerësimit strategjik për dokumentacionin për zonën përkatëse për pikën kufitare ”Tabanovc”, KK Tabanovc, Komuna e Kumanovës, duhet të merren parasysh udhëzimet për nevojën e zbatimit të Vlerësimit Strategjik për ndikimin në mjedisin jetësor, si dhe vërejtjet dhe përfundimet nga fushat sektoriale të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

ARSYETIM

Ministria për transport bazuar në 42 paragrafi 1 të Ligjit për planifikim urbanistik (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), ka paraqitur kërkesë përmes e-urbanizmit, me Procedura me numër UPP 65034 nga 17.09.2024, Agjencisë për Planifikim Hapësinor për lëshimin e Plotësim i Kushteve për planifikimin hapësinor për pikën kufitare ”Tabanovc”, KK Tabanovc, Komuna e Kumanovës.

Në përputhje me nenin 42 paragrafit 8 të Ligjit për Planifikim Urban (“Gazeta Zyrtare e RMV” nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), Agjencia për Planifikim Hapësinor ka përgatitur Plotësimin e Kushteve për planifikimin hapësinor për pikën kufitare ”Tabanovc”, KK Tabanovc, Komuna e Kumanovës, ato ia dorëzoi Ministrisë së


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

просторно планирање под бр. УП1-15 1889/2024 од 08.10.2024 година.

Дополната на Условите за планирање на просторот за граничен премин ”Табановце”, КО Табановце, Општина Куманово, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor me nr. UP1-15 1889/2024 datë 08.10.2024.

Plotësim i Kushteve për planifikimin hapësinor për pikën kufitare ”Tabanovc”, KK Tabanovc, Komuna e Kumanovës, përbëjnë parametra hyrës dhe udhëzime gjatë planifikimit të hapësirës dhe vendosjes së koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese në të gjitha fushat përkatëse për planifikimin e hapësirës.

Vërejtjet përfundimtare, të përcaktuara në Kushtet për planifikimin e hapësirës që rrjedhin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, përbëjnë aktivitete detyruese në planifikimin e mëtejshëm të hapësirës.

Bazuar në të lartëpërmendurën , është vendosur si në dispozitivin e këtij Aktvendimi.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

МИНИСТЕР/ Ministër
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Ismail Shehabi, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Сoња Фурнаџиска, раководител на одделение / udhëheqes njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror
Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Husamet Agushovski
Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Nedim Rama


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk